**Повторно се отвора Локалниот музеј „Пијанец“**
Среда, 11 Јули 2018 08:53




На единаесеттата седница на Советот на Општина Делчево, мнозинството советници ја донесоа Одлуката за продолжување со работа на Локалниот музеј „Пијанец“ кој ќе го чува историското, археолошкото, етнолошкото и палеонтолошкото богатство на Пијанец. Со оваа Одлука продолжува работата на локалниот музеј на град Делчево, се укинува постапката за ликвидација и престанува важноста на Одлуката за престанок со работа на Музејот на град Делчево донесена на 25.09.2009 година.

Како што истакна образлагачот на Предлог-одлуката, Ванчо Новоселски, Општина Делчево има потреба од ваква установа, а основањето на оваа институција беше со цел промоција на културното, природното и историското наследство од Пијанец, да се поттикнат и иницираат истражувања на теренот, а историското и природното наследство да остане во музејот што ќе ја збогати туристичката и културната понуда на градот.

Одлуката за продолжување со работа на Локалниот музеј во Делчево беше една од 13-те точки на Дневниот ред на Советот на која советниците дадоа согласност за

формирање паралелки со помал број ученици во ООУ „Ванчо Прке“ и ООУ „Климент Охридски“, Одлука за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште за добивање одобрение за изградба на придружни и услужни објекти на гробишта – мртовечница – капела со ладилник и помошни простории на КП бр.6065 во КО Делчево
, Одлука за дополна на Програмата за изработка на урбанистички планови на подрачјето на Општина Делчево за 2018 година, Одлука за изработка на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за усогласување на профилот на градска магистрална улица (Магистрален пат А3) со профилот за градска магистрална улица предвиден во Измена и дополна на Генерален урбанистички план (ГУП) Делчево од 14.11.2008 за град Делчево,
Одлука за изработка
на Урбанистичко-проектна документација-Проект за инфраструктура за усогласување на профилот на улица-делница од регионален пат кон Пехчево Р1302, предвидена со Измена и дополна на Детален урбанистички план за локалитет-Грамадна Делчево, со профилот за собирна улица, Одлука за одобрување финансиски придонес од буџетот на општина Делчево за спроведување на проектот за локална и регионална конкурентност за инвестирање во инфраструктура поврзана со туризам и поврзување со дестинациите, потпроект „Малешево-дестинација по мерка на туристите“, како и Одлука за поддршка и кофинасирање на проектот: „Изградба на придружни и услужни објекти на гробишта мртовечница-КАПЕЛА“ со ладилник и помошни простории“ во Делчево, општина Делчево во рамки на грантот од Проектот за подобрување на општинските услуги финансирани со заем од Меѓународната банка за обнова и развој (Светска банка).


ДЕЛЧЕВО
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО